Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

Предмет: **Барање за доставување понуди за истражување на јавно мислење во рамки на проектот „Кон добро управување во државните претпријатија и независните тела" (Improved good governance of state owned enterprises and independent state bodies) – Проектот е финансиран со помош од Обединетото Кралство преку Владата на Обединетото Кралство**

Почитувани,

Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје (ИДСЦС), ве поканува да доставите понуда за испорака на истражувања на јавно мислење за потребите на гореспоменатиот проект, согласно следните спецификации:

1. Во рамките на проектните активности предвидени се 2 (две) испитувања на јавно мислење, телефонско компјутерски помогнато интервју CATI. Секое испитување треба да биде спроведено на национален репрезентативен случаен примерок од 1000 испитаници и треба да биде организирано врз основа на стандардизиран прашалник. Прашалникот за истражувањето треба да биде развиен од ИДСЦС, а финализиран по консултативна сесија со понудувачот. Времетраењето на едно анкетно интервју се очекува да не надмине 10 минути. Првото испитување ќе се спроведе во јули/август 2018, а второто во февруари 2019 година.

2. Во прилог на понудата треба да се достави и следната придружна документација:

- Финансика понуда;
- Портфолио со претходни слични ангажмани од претходните три години;
- Тековна состојба на добавувачот, не постара од една година;
- Потврда од Централен Регистар на Р.М. од добавувачот дека против правниот субјект не е поведена стечајна постапка и нема забрана за вршење на дејност.

3. Критериуми за оцена на понудите:

- Квалитет на портфолио: 60 бодови
- Цена: 40 бодови

Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

* Забелешка: Проектот е регистриран во Централната датабаза на податоци за странска помош на Владата на Република Македонија (ЦДАД) и оттука, ослободен од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Следствено, во однос на финансиската понуда ќе бидат прифатени само цени кои не вклучуваат ДДВ.

Понудите, исклучиво во хартиена форма, да бидат доставени во коверт во архивата на ИДСЦС, на ул. Теодосиј Гологанов бр. 42А/3, Центар, Скопје. На надворешната страна на ковертот да биде назначено „За тендер, Реф.бр. 0507-164/18“ и „Да не се отвора пред сесијата за евалуација на понуди“.

Доставените понуди треба да се со валидност од 30 календарски денови.

Предвидениот буџет за оваа активност не надминува 451.234 денари (денарска противвредност на 6.480 фунти).

**Понудата треба да се достави во рок од 15 работни дена од денот на објава на овој повик, но не подоцна од 06.08.2018 година, до 16:30 часот.**

Со почит,

Марко Трошановски

Претседател на ИДСЦС

Институт за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС СКОПЈЕ

МК
Број 0507-164/18
Скопје, 16.07.2018